**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Шеснаесеттата седница на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 24 март 1999 г.**

Седницата се одржа во Големата сала на Владата на Република Македонија, со почеток во 16,25 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Саво Климовски, претседател на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам Шеснаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Томислав Стојановски, Илија Филиповски и Ристо Тодоров ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се и присуствуваат Претседателот на Република Македонија г-дин Киро Глигоров и претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Почитувани дами и господа пратеници, за оваа седница го предлагам следниот дневен ред:

Информација на Владата на Република Македонија за актуелната безбедносна состојба во Република Македонија.

Кој е :за предложениот дневен ред, молам да крене рака.

99 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Нема.

Дали некој се воздржува од гласање?

Никој не се воздржув аод гласање.

Според тоа, констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Минуваме на точката од дневниот ред:

- Информација на Владата на Република Македонија за актуелната безбедносна состојба во Република Македонија.

Го молам, претставникот на Владата на РМ да земе збор. Има збор министерот за одбрана г-динот Никола Кљусев.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, состојбите во нашиот северен сосед, Косовскиот случај, се повеќе се драматизираат. Очекуваните преговори мирно да завршат, до овој момент, немаме позитивни резултати. Тоа ја подигнува и одговорноста и тревогата и кај нас како прва соседна земја.

Несомнено е дека целата наша политика во изминатиот период беше насочена кон мирно разрешување на косовскиот случај. Го отворавме просторот пред Европа, укажувајки со сета сериозност, додколку не дојде до мирно разрешување на Косово, постои опасност тие тревожни мигови од Косово да се прелеаат и во други држави на Балканот. Со тоа и усмено и писмено ги запознавме сите структури и на НАТО и на Европската заедница и Соединетите Американски држави.

Меѓутоа, во последниве денови, изминаа сите рокови и сите надежи за мирно разрешување. Се очекува можеби најлошото да дојде во нашиот северен сосед. Сите екстремности, сите радикализми и сите авантури ќе добијат свој епилог на казнување. Не сме ние денес за тоа да даваме оценка. наше е да видиме каква е состојбата и што може да не очекува нас.

Во Косово се концентрираат големи воени сили и воена опрема. Околу 18 илјади регуларни војници на Југословенската армија и над 22 илјади нивни позадински воени сили со силни полициски сили се стационирани на теренот на Југославија и на нашата северна граница.

Од друга страна, околу 9 илјади борци на така наречената ОВК и околу 30-тина илјади мобилизирани разни селски стражи и други чувари кои се придружуваат кон нив ја сочинуваат реалната опасност на конфликтите кои до денес траjат. Невини жртви гинат, го чувствуваме и ние мирисот на барутот. Низа од тие воени техники се упатени, нивните цевки, и кон нашата територија.

Но ние сме земја која заговараше и заговараме меѓународните сили и силите на НАТО да можат да бидат со чувство на внимание прифатени кај нас, со задача да ја извршат мировната мисија. Во таа смисла и

јавно кажавме на светот дека македонската територија не може да биде користена за билокакви воени акции на некоја соседна земја. Досега тоа се почитува максимално и не убедуваат сите делегации кои доаѓаат дека тоа ќе биде почитувано.

Но единиците на НАТО стационирани во македонија, кои бројот заедно со првата мисија на извлекувачи на верификаторите над 12 илјади тие имплицитно со својата технологија, логистика и опрема претставуваат и може да претставуваат мета за северниот сосет, иако силите на НАТО изјавуваат јавно дека нема без дозвола на северниот сосед да влезат во нивна територија.

Значи , станув азбор за воена сила која е преифатена од нашата држава со својство на политичка одоговрност да ја извршат својата хуманитарна и мировна мисија. Ние во тоа длабоко веруваме.

Меѓутоа, најновите сознанија упатуваат на заклучок дека казната се доближува, а казната која се доближува имплицитно содржи и моменти на инволвирање на македонската територија поради логистичката присутност на силите на НАТО на овој простор. Тоа ја доведе нашата Влада во состојба јасно да побара од Советот на НАТО, тоа го стори и Советот за безбедност на РМ на својот синоќешен состанок под претседателство на претседателто на Републиката, да се побараат поцврсти гаранции за територијалниот интегритет на Македонија. Тоа е веќе апсолвирано.

Од своја страна, се поставуваат некои прагматични прашања, а тоа е како би реагирала РМ доколку се прелејат дејствата на нејзина територија. Таа недвосмислено прифати свој став дкеа ќе ја брани, со сите средства, територијата и границите на РМ. Тоа е наша обврска и наш долг, независно кои сили би упатиле стрели кон цели на терито-риајта на Македонија. Но притоа, гаранциите се дека главнинскиот товар на одговорноста го понесуваат силите на НАТО, сите нивни команданти, вклучувајки го и генералниот секретар Солана недвосмислено тоа го потврдуваат. Нема да се дозволат било какви дејствија на агресивност спрема територијата на РМ. Тоа не тера да бидеме и поспокојни но не не ослободува од одговорноста да ги подготвуваме сите нужни мерки за одбрана на својата татковина. Ние тоа и го чиниме. Сите наши воени и безбедносни структури, речиси перманентно, работат околу изградување на програма за заштита и одбрана на Република Македонија.

Денес Министерството за одбрана пред Главниот штаб достави наредба на Претседателот на Републиката да ја потпише и тоа е веќе готово, да се подигне боевата способност на првиот дел од единиците за заштита. Тоа се околу 1200 наши војници кои ја зајакнуваат пограничната област на територијата на Македонија.

Истовремено е направен и план и програма за можни натамошни организации, кои ќе поведат сметка за целосна заштита на територијата на Македонија.

Меѓутоа, ние изјавуваме дека нашата држава не е воено опремена да може да врши некои акции кои ќе бараат подалекусежен временски ангажман. Тоа го ставивме на знаење на НАТО структурите.

Второ, нашата држава е исцрпена со сите можни негативни реперкусии кои следат од случајот со нашиот северен сосед: финансиски, економски, ресурсно. Сето тоа негативно се одразува и врз нашиот економски растеж, создава тегобности во нашето материјално живеење. Денес имавме прилика и на низа дипломатски претставници тоа јавно да го кажеме.

Повеќе е оптоварен товарот и преку речиси исполнетиот број на бегалци кој нашата Влада го предложи, околу 20 илјади бегалци од северниот сосед.

Сето тоа не преокупира да констатираме дкеа нашата дипломатија и одговорностите на сите извршни и раководни структури, се до претседателот на државата, треба да бдејат кон сигнализираше на сите тие моменти на меѓународниот фактор, за да се создадат колку толку благопријатни дејствија за опскрвување на Македонија. Досега ние немаме никакви видливи резултати во финансиската помош и некоја материјална помош. Таа се ветува, но сеуште не ја чувствуваме. Ние ги црпиме нашите ресурси. Нашите ресурси се лимитирани. Позната Ви е и состојбата со нашиот Буџет. Нашите материјални резерви не ни даваат шанса да бидеме комотни.

Сето тоа создава едни услови да се прават неколку сценарија околу програмата за одбрана на Република

Македонија. Но постои едно што делува успокојувачки, а тоа е меѓународниот фактор и НАТО структурите со своите гаранции нема да дозволат територијата на Македонија да биде поприште на разни војни. Однапред го кажуваат на сите партнери, посебно на северниот партнер, дека нема да дозволат на територијата на Македонија никакви воени дејствија. Секакви воени деј-ствија ќе бидат строго казнети.

Би сакале да се обратиме и спрема нашиот народ, да ја сочува својата ладнокрвност и спокојство. Подготовките што ги чиниме се нужно зло во одбраната, но никако тие не смеат да бидат потикнувачки вентил на разни тревоги, на разни можни опструкции или провокации од одделни поединци или групи. Во интерес е татковината, во интерес е да се покаже патриотското чувство на секој граѓанин дека ние ниту без вина или одговорност, живеејки само на овој немирен Балкански простор влбгуваме  во тегобни мигови да живееме. Тоа и бара од нас да бидеме одговорни, независно од своите политички и идеолошки сфаќања и видувања. Постои и во биолошкото царство и кај нас луѓето , во такви тревожни могови, одредена сплотеност да се заштити државноста, независноста и мирот во татковината.

Армијата е потполно мобилна и организирана. Таа е поставена во мобилна состојба, одредени енјзини делови. Можеби се очекуваат тие тревожни мигови овие часови. Сите ние може да бидеме во големо исчекување.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Кљусев.

Господинот Павле Трајанов како претставник на Владата ќе земе збор.

**ПАВЛЕ ТРАЈАНОВ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, безбедносната состојба во Република Македонија, во овој момент, ние оценуваме дека е стабилна и мирна, но таа е оптоварена со низа негативни елементи, првенствено како последица на она што се случува во СР Југославија и поконкретно во Косово. Одредено негативно влијание имаат и некои внатрешни состојби, пред се големата невработеност, социјалната состојба, како и се она што е последица врз вкупната економска состојба во државата.

Меѓутоа, во овој актуелен момент доминантен фактор за усложнување на состојбите се пред се можните рефлексии на натамошниот развој на состојбите во Косово.

Сите Вие ги следите информациите од средствата за јавно информирање дека во секој момент се очекува воздушен напат во Косово на воеництели или пак потироко од Косово во рамките на СР Југославија и доколку се случи тоа, сигурно дека состојбите многу брзо ќе се влошат и ќе има соодветно негативно влијание врз вкупната безбедност на нашата држава.

Меѓутоа, г-динот Кљусев зборуваше за тие надворешни можни влијанија. Јас накусо ќе се задржам на се она што може да ја стабилизира состојбата од внатре.

Прво, сакам да Ви Кажам дека вршиме континуирано следење на вкупните безбедноснисостојби водржавата. Сите надлежни безбедносни структури се во целосна мобилност, постојано се анализираат сите информации, сите сознанија, се прават проценки и се насочува активноста на МВР и на другите безбедносни структури заради спречување на можно усложнување на состојбите.

Кои се тие индикатори кои можат да влијаат негативно на внатрешната стабилност водржавата?

Прво, има тенденции на оделни екстремни поединци и илегални организации на албанци во западноевропските земји во кои членуваат и лица по потекло од Република Македонија, се со цел Република Македонија да се инфолвира во таканареченото косовско сценарио. Можам да соопштам дека сепак тоа е мала потенцијална опасност.

Понатаму, имаме елементи кои укажуваат - додуше, се се тоа индикативни сега - дека има доброволци од Република Македонија кои учествувале, односно била направена обука во центрите за обука во Албанија, а сосема мал дел се директно вклучени во борбени активности во Косово.

Друга опасност е тоа што можно е да се активираат некои канали за транспорт, за префрлаше на оружје од Република Македонија, која го има доста во западниот дел, да се транспортира во Косово.

Исто така, можно е да се направи обид преку Албанија, од Албанија преку РМ

да се транспортираат и нови количини на оружје.

Како мошна опасност е тоа што - деновиве Вие исто така добро сте информирани дека имавме повеќе митинзи насочени против присуството на НАТО овде и тоа е организирано директно, на начин организирано со посредство на некои странски служби или странски држави.

Исто така, има оделни активности на поединци екстремисти кои се обидуваат да потикнуваат меѓу национални судири во нашата држав, се со цел да се создаде недоверба дека не функционираат институциите на ситемот и на тој начин се подгрева психоза на страв.

**ПАВЛЕ ТРАЈАНОВ:** (продолжение)

Друг клучен елемент кој може негативно да се одрази по вкупната безбедносна состојба е доколку да дојде до прелевање на воените активности од подрачјето на Југославија од Косово на нашето подрачје. Дали тоа ке биде преку воени дејствија помегу воените сили на војската на Југославија и единциите на полицијата, со така наречената ОВК, поради разни фактички воени даејствија да се префрлат на нашата територија, може да биде тоа сериозен проблем и сигурно дека во оваа ваква ситуација сакам да ви кажам дека е важно тоа што сите институции на системот на нашата држава функционираат сосема нормално, со тоа што некој од надлежнтие минситерства, посебно МВР, Министерството за одбрана и другите безбедносни структуви, овде ја споманв и Агенцијата за разузнавање, работат веке практично со зголемена мобилнсот.

Во оваа насока, јас би смонал неколку работи кои мислам се битни да бидете информирани.

Прво, зајакнати се сите активности и мерки на МВР во соработка и содејство со АРМ, со Минситерстовто за одбрана за спречување на можни и илегални преминувања преку границата, првенствено за спречуваше на можни преминувања на вооружени групи и поединци од СР Југославија према Република Македонија.

За поефикасно дејствување и извршување на овие сложени задачи МВР ги активира подрачните организациони единици и управата за внатрешни раобти во Куманово, Тетово и политичките станици што гравитираат спрема СРЈ, тие се во целосна мобилност, покрај активниот состав, веке е активиран и резервниот состав на полицијата и сите активности за заштита на границата и граничното подрачје се преземаат заедно со РМ. Единицата за специјални задачи и посебните единици на полицијата се ставени во висок степен на мобилнсот, на граничните премини зајакната е контролата на патниците, возилатаб, багажот, се со цел да се спречи можно внесување на оружје, мониција, експлозивни средства и направи. Зајакнати се мерките на обезбедување на објеките од витално значење за обраната и безбедноста на нашата република. Зајакнати се сите истражувачки активности на дирекцијата за безбедност и контраразузнаваше, на креминилистичката полиција и полицијата и функцијата на прибирање на информации за можни обиди за дестабилизација на РМ, со преземање на терористички акции, ширење на несигурност, страв и безизлезност, преку пласирање на дезинформации, обиди за иволвирање на РМ во вени вежби на Косово, како и спречување на можни напади на странските мисии и претставнишва во нашата земја.

Исто така, се превземаат широки активности и мерки за спречување на можни нарушувања на јавниот ред имир, посебни можни нарушувања на меѓуетничка основа. Се преземаат широки мерки и превентиви од страна на полицијата за спречување на кр.иминални ид руг вид на негативни однесувања, првенствено за спречување на можни облици на извршување на кривични дела за насилство, разбојништво и други облици на тешки кривични дела.

Во оваа прилика сакам да напомнам дека Владата на РМ подого време е информирана и расправаше за сотојбата со бегалците. при што на седницата одржана на 2.03.1999 година донесе мошне јасни и конкретни заклучоци околу прифакањето и статусот на бегал-ците кои доаѓаат од СРЈ. Притоа, овде сакам да напомнам дека соглас но меѓународните конвенции, нашите внатрешни закони, ние хуманитарн заштита и згрижување можеме да дадеме, имаме обврска само на оние грагани, државјани од СРЈ, кои доаѓаат од загрозени подрачја, каде се одвиваат воени дејствија. Согласно тие заклучоци надлежните минситерства ги преземаат сите активности и заклучоците на Владата доселдно се спроведуваат.

Проценка е дека оптимален број кој може да се прифатат бегалци е околу 20.000. Моментално во нашата република претстојвуаат, според информации и евиденции, што ги има министерството за внатрешни работи тоа се околу 11.500 и некаде имаме околу 5.000 на кој веке им е одреден статус на хуманитарно згрижени лица.

Ние во текот на изминатите денови се судривме со голем број на бегалци, поради штомораше да се преземат соодветни мерки и усогласувања и со меѓународните организации, бидејки доаѓаа лица од подрачја кои апсолутно не беа зафатени со вени дејствија, или подрачја кои не беа загрозени.

Од тие причини, вчера Владата повторно расправаше и притоа е договорено, согласно претходните заклучоци да се прифатат бегалците до онаа можна гранична определност со тоа веќе упатено барање до ОН, до ЕУ, до соседните држави, да се подготват за прифаќање бегалци, бидејки ако се случи усложнување на состојбите, а сите укажувања водат кон тоа, тогаш може да се судриме соголем број на бегалци и ќе биде неопходно и странска помош, но неопходно ке биде за прифакање на бегалците и нивно сместување во некои од државите, кои за тоа ке донесат одлука и ке имаат можнсот за прифаќање. Инаку, немаше никакво формално затворање на границата во текот на вчерашниот ден, сето тоа се одвиваше само за да се направат можните договори и консултации и некаде после 17,оо часот е нормална состојбаа и сите оние што сакаат да патуват во еден или во друг правец, граничните премини нормално функционираат иможат да се движат граѓаните.

**АЛЕКСАНДАР ДИМИТРОВ:**

Господине претседателе, претседателе на Собрание, претседателе на Влада, дами и господа,

Расправаме денеска за актуелнаа состојба на Косово, тесно поврзана за можните последици врз Република Македонија и врз целиот регион во кој ние живееме.

Најновите информации, вам ви се исто познати дека се правг последните обиди да не дојде до реализација на веќе активираниот план за воени напади издаден врз основа на овластувањето од Генералниот секретар од НАТО господинот Хавијер Солана и дека денеска, особено овие два-три часа во триаголникот Белград, Москва и Вашингтс со мало учестов и во Брисел се водат интензивни обиди да се постигне сепак, мирно решение. На тоа упатуваат неколку изјави од Белград и на тоа уатува осовено спремноста, откога ке се постигне политичкот договор да се дозволи присуство на одредени мегународни сили на Косово за лнплиментација. Сепак, тоа е една силна војна на нервите, која конечно подобра од права војна, во која час е соопштува дека тргнале авионите, час се соопштува дека не се поjденк и во моментот би било крајно неблагодарно да се дадае било каква прогноза или проценка. Се работи за последен обид да се постигне мирно решение, се работи за обидот да се спаси образот од страна на алијансата и во сите тие услови ние се наоѓаме во оваа ситуација денес да расправаме за евентуално можните последици.

Македонија, тоа го кажа и моите колеги, од секогаш се залагаше за мирно решение на Косово, што во себе опфакаше широка автономија, во рамките на територијата на Југославија и со максимално почитување на човековите права во покраината. Тоа го правеше и заради принципиелните ставови и заради фактот што секој негативен развој на состојбите може битно да се одрази и во републиката и во регионот и да ги попречи нашите развојни планови, за кој се залагавме.

Денеска сме сведоци на една интензивна и меѓународна актовност на Републиката, продолжување на еден обид, би рекол од почетокот од годината, за контактот со позначајните меѓународни фактори и меѓународни организции, РМ да го декларира својот интерес, а тоа се сведува на неколку прашања. Пред се, тоа е ставот дека територијата на РМ во никој случај не смее да се користи за напади врз трети земји, што мислам дека Собранието уште еднаш да го афирмира и второто е боидот, сепак можниот развој на ситуацијата да добиеме, заради фактот што постојат и трупи на НАТО во Македонија, кои се тука подготвени за вториот дел на мировниот договор, а сепак во случај на негативне развој на состојбите да добиеме и одредаени гаранции. Таквите гаранции РМ ги добиваше во неколку наврати. Порано

тоа беа усмени гарнации, искажани или од генералниот серкетар Солана, или од одредени високи функционери и конечно ноќеска, или рано сабајле од страна на генереалниот секратр Солана дојде писмо до г-динот Киро Глигоров во кој се реафирмира практично ставот дека Република Македонија, во случај на негативен развој на состојбата, особено во случај на мерки на репресија од стрна на Југославија, ке биде третирано како практична членка на алијансата и дека безбедноста на Македонија, или заштитата е во тесна корелација со интересот на алијансата во целина.

Мислам дека тоа е мошне сериозна позитивна работа која би требало да ја поздравике како Парламент и конечно би кажал неколку работи, кои се однесуваат на последните активности. Владата во целиот овој период, како што реков од почетокот на годината особено надлежните органи беа концентрирани во изнаоѓањето и сопственото поставување за позитивен развој на косовската криза и се разбира, беа подготвени за случување на евентуалните негативни последици.

Минситесрството за надворешни работи, во цлеиот овој период се залагаше за мирно решение и во услови кога веке се очекуваше и можна негативна разврска, ги превзеде следните можни чекори. Во функција на сегашниот дијалог беа испратени соодветни барања, објаснувава до генералниот секретар на ОН, до високиот комесарјат за бегалци, тоа е едниот комплекс, второто беше испратеното барање до ЕУ и до земјите членки на Европксата Унија и терто, беше повторно реафирмиран ставот, врз основа на иницијативата дадена во Скопје, за неодамна одржаниот состанок во Букурешт на 5-те министри за надворешни работи. Имено, се работи за спремноста на земјите на чнлеки на Европската Иницијатива, за формирање на посебна работна група и за формулирање на сите хуманитарни и координирани активности за соработка околу прашањето на бегалците. Бегалците беа доволно елаборирани од страна на минситерот Трајанов, ние имаме обврска нив да ги примаме за кој сметаме дека нема да ни се одрази врз економкиот ис оцијалниот развој , а се друго ние во една тесна соработка, денеска во Самитот на ЕУ и од таму се очекува конкретен одговор на барањата на РМ за помош, економска, материјална и за буџетот во врска со надминувањето на решавањето на прашањето на бегалци, се она што значи како оптоварување на Македонија.

И последното прашање, што е интересно да се знае дека НАТО во моментот има околу 10.00 0 сили, во тек е размена на писма и нивното барање тој број да се зголеми за уште од 1.600 и нам не очекува и како Влада и како Министерство заокружување на правнате рамка на присуството на НАТО војниците во Македонија, бидејќи да потсетам базата за нивното постоење е СОФ аранжманот регулирана и воспоставена, тој СОФ аранжман го има рарификувано овој Парламент во текот на јуни 1996 година и сега само интензивно да се работи во заокружувањето на таа легална рамка.

Тоа се тие најнови состојби во кој би повторил, продолжуваме и како Влада и како Минситерство и да ги следиме состојбите и сме спремни за секоја натамошна негатовна ситуација да делуваме, барем говорам од аспект на надворешно политичката активност.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на минситерот за надворешни работи

г-динот Александар Димитров за концизното излагање.

Почитувани пратеници, дами и господа,

Со оглед на актуелната состобја и со оглед на тоа што Владата мора интензивно да работи, јас би предложил координаторите на парламентарните групи, по една кратка пауза од половина час, врз основа на овие излагања да ни подготват предлог на заклучоци и потоа да расправаме да ги усвоиме или измениме тие заклучоци.

Дали се прифаќа овој заклучок за да можеме од овие излагања да извлечеме одредени заклучоци.

Давам пауза од половина час.

(По паузата)

Седницата продолжи со работа во 18,30 часот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитувани дами и господа пратеници, да продолжиме со работа.

Врз основа на обавените консултации со координаторите на

пратеничките групи на Собранието, ги предлагам следните заклучоци:

1. Собранието на Република Македонија оцени дека ескалацијата на кризата во Косово претставува опасност за Република Македонија и поширокиот регион.

2. Собранието укажува на потребата кризата во Косово да се реши по мирен пат и со политички договор.

Во таа смисла Собранието смета дека е неопходно Владата и надлежните државни органи да продолжат со сите мерки за засилување на одбрамбената способност на Република Македонија.

3. Собранието ја поздравува писмената гаранција на Генералниот секретар на НАТО дека НАТО ќе ја гарантира безбедноста на нашата земја во случај на несакан развој на настани на Косово и евентуалено загрозување на нејзиниот суверенитет и територијалниот интегритет.

4. Собранието го потврдува ставот дека територијата на Република Македонија нема да биде користена за преземање офанзивни дејствија према било која од соседните држави.

5. Собранието смета дека меѓународната заедница треба да обезбеди материјални средства за хуманитарно згрижените лица во Република Македонија.

Доколку Република Македонија се соочи со зголемување на бројот на бегалците над нејзините можности, Владата треба повторно да се обрати до Европската Унија и балканските земји за прифаќање на тие бегалци.

6. Собранието оценува дека Владата на Република Македонија треба да ги извести Европската Унија и НАТО за извонредните економски напори на кое е изложена и огромни економски штети кои ги трпи поради опасниот развој на кризата во регионот.

Владата треба да покрене разговори за формите и начинот за обезбедување на потребната економска подршка која треба да и се даде на Република Македонија.

7. Собранието оценува дека е неопходно Владата на Република Македонија да се ангажира во заокружувањето на правната рамка за престојување на НАТО мисии во Република Македонија, имајќи го предвид основниот договор меѓу Република Македонија и НАТО за дејствување на НАТО мисиите во Република Македонија.

8. Собранието укажува дека е потребно сите политички субјекти и граѓани во земјата да дејствуваат единствено во преземањето мерки за надминување на можните тензии, предизвикани од развојот на настаните во Косово.

9. Овие заклучоци ќе се објават во "Службен весник на Република Македонија".

Тоа се заклучоците кои ги донесоа координаторите на пратеничките групи и околу кои денеска ќе водиме расправа.

Отворам расправа.

Молам , кој бар азбор?

Има збор пратеникот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани дами и господа пратеници,

Денеска дојде ден за кој јас пред две седници поставив прашање и барав информација од Владата за ситуацијата и состојбите помеѓу Македонија и надворешната ситуација околу бегалците.

Излегов на говорницата за да укажам на нешто.

Прво, имам една забелешка до Претседателот на државата Киро Глигоров за тоа што денеска ги имаше свикано сите партии, сите националности што ја сочинуваат оваа држава кои се потребни да бидат присутни на тие разговори, но претседателот на државата не размисли, без разлика колку е запознаен или не е запознаен, тоа е негово лично право, а мое право е како пратеник и како претставник на Ромите во РМ јавноста, и ромите во РМ како и сите граѓани кои живеат во РМ да знаат дека јас денеска не сум присуствувал таму, не сум бил поканет и незнам што се случувало таму. Јас разбрав од вас, како и овие заклучоци што ги добивме сега. До Кабинетот на претседателот на државата апелирам друг

пат да не се случува ова со нас ромите. Зошто? Затоа што јас сум единствен претставник на Ромите во РМ во овој законодавен дом и ги претставувам во РМ плус сум претседател на Сојузот на ромите на Македонија-лидер на партија. Без разлика што сум еден претставник во оваа држава, во овој Парламент и секаде каде што треба да бидеме застапени. Затоа апелирам од сега затоа што како што вие се собравте што бевте повикани, па тоа да дадете информација меѓу вашите нормално и ние сме загрижени , има роми кои живееме во РМ , тие се граѓани на РМ и не треба да бидат понижени во вакви моменти затоа што во ваква ситуација...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам ако сакате држетесе за заклучоците, г-дине Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас милам дека дневниот ред е околу тоа. Треба да донесеме одлука затоа што и јас треба да гласам, да дадам подршка, но нормално треба да кажам во што е работата затоа што има роми кои се државјани на РМ , синојка имавме, без разлика кој од која партија е , во општина Шуто Оризари имавме средба , можеби никогаш не сме имале средба меѓу нас политичарите, но за доброто на Македонија, како што се собраа кај претседателот на државата, и ние така се собравме и синојка донесовме став, но тој став неможам никаде да го искажам, затоа сега ќе го кажам тој став, ние сме државјани на оваа држава, ги поседуваме сите права и сакаме секаде да бидеме застапени каде ќе се решава судбината на РМ што ќе се случи со РМ затоа што се наоѓаме во една ситуација што може да се случат немили настани. Нормално непосакувам да дојде до тоа, но дојдено е до таква ситуација кај нашите соседи што можат да бидат нападнати од НАТО и може да предизвика контраефект во РМ. Со тоа сакам да укажам на нешто друго. Ние од општината Шуто Оризари сме соседи со Скопска Црна Гора што значи дека први ќе го почувствуваме нападато од сите, треба сите да знаете (реакција кај пратениците), не е ова за смеење, јас ја кажувам вистината. И ние го сочинуваме овој народ овде, има албанци, турци, роми и ние сме граѓани на РМ и се што ќе се одржува во оваа држава и јас сакам да бидам присутен иако сум само еден не сме 50, 55 или 16 , па кога може Ѕинго да биде поканет како еден пратеник со Социјалистичката партија, па може и ромот да биде поканет од Сојуз-от на ромите. (аплауз од страна на пратениците). Јас немам против никого, против ни една партија (претседателот ги опоменува пратениците) но моментот е таков во државата што треба сите заедно да ја решаваме оваа работа. Се извинувам г-дине претседателе ситуацијата во Републиката е таква што ако треба ќе останеме и цела ноќ за доброто на Македонија да донесеме нешто добро затоа што знаеме каква е ситуацијата. Јас немам ништо против, а со тоа сакам да ви укажам дека и јас сум граѓанин на РМ и сите роми кои ги претставувам во овој законодавен дом исто служат армија и се што ќе треба, ние сме за Македонија и во секој момент определеноста на ромите е за Македонија. Ние друга држава немаме, ја имаме само Македонија, не бараме друга држава тоа да знаете, нам ни е Македонија се и сешто и затоа барам, вие како сакате сватете, но јавноста не го сфаќа така (претседателот пак ги опоменув.а да не дофрлуваат од место). Со тоа сакам да кажам друг пат се што ќе се случува за тоа што од овој поголем настан неможе да има, ние ромите сме тука, ние сме за Македонија, ќе го браниме суверенитетот и интегритетот на РМ и определени сме за Македонија во секое време од како секој граѓанин што треба да ја брани Македонија тука сме и ние и полна поддршка имате од нас ромите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Амди Бајрам.

Збор побара г-динот Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дине претседателе, драги колеги,

Денес се одржа првата итна седница на овој собраниски

состав и тоа е по повод кој ги вознемирува сите граѓани во нашата земја. Ние ги ислушавме информациите што ги дадоа надлежните министри во трите области и во овој момент на основа на тие информации и на основа на познавањата кои ги имаме за состојбите во државата, претставници на сите пратенички групи се договоривме да го донесеме овој текс на заклучоци. Сите ние сме свесни дека се соочуваме со многу важен период во нашата иднина, многу тешки состојби кои ќе настанат и сите сме свесни дека иако и овој дом и во нашата држава, меѓу нас сите има многу разлики,

тие разлики не дефинираат по нашите посебности, тие не раздвојуваат, разлики има во вероисповеста, во етничкото потекло, во политичкото убедување, во социјалната положба на луѓето и во врска со проблемите што извираат од оваа опасност за која ние денеска разговаравме, сите ние имаме идентични интереси и треба да бидеме свесни до крај во таа убеденост ние треба да ги повикаме граѓаните, да имаат доверба вос војата држава, да ги прават сите напори таа држава да успее без поголеми ризици и опасности да ја мине оваа фаза на развојот, многу опасна и многу тешка фаза. Но, ние сме способни тоа да го направиме.

Од 1991 година сме независна земја, од тогаш развиваме демократија, демократски систем, пазарно стопанство, создаваме услови да се вброиме во редот на сите демократски земји и упорно и чесно го селдиме тој пат. Развиваме односи на мегусебна толеранција и разбирање таму каде сме нај различни во еден повеќеетнички состав кога имаме разни верски конфесии.

Сето тоа светот го цени и потребно е и ние да го цениме. И ние да можеме да докажеме и самите да се убедиме дека сме во состојба во еден континуитет сме создавале атмосфера, сме развивале односи, сме развивале институции во оваа земја. Сето тоа е создадено овде, сето тоа е наша сила, наша моќ и оттаму треба да ги надминеме овие периоди на развој на конфликти  меѓу институциите, бидејќи никаде не водат. Треба да градиме доверба кон институциите, треба да градиме соработка меѓу институциите, треба да градиме одговорен однос на секоја од институциите,  секоја агилно, компетентно , стучно и одговорно да си ги врши своите функции. Тоа е неопходно и затоа јас морам да ви кажам иако е многу опасен поводот по кој е свикана оваа седвница, ние дадовме иницијатива за оваа седница, дадовме барање за тоа, бевме многу песимисти како ќе се одвива подготовката, текот и расправата за оваа седница. Морам да ви кажам дека сега по напорите кои ги вложија сите претставници на парламентарните групи во утринскиот состав, степенот на разбирање и чувство за одговорност кон државата и кон имотите и животите на граѓаните, степен на разбирање кој беше покажан сега кога разговаравме за текстот на овие заклучоци сепак ме прави оптимист оти ние располагаме со сила, со разумни луѓе, со силни луѓе во сите политич-ки партии и дека ќе ги надминеме сите оние непотребни судири иако по-литички разлики и политички судири ќе има и повикување на одговорност ќе има, сето тоа е можно и потребно во една развиена демократија, но сепак пред исклучително важните задачи овде се покажува единство и сила иако сме мала економски истоштена земја, не сме некоја воена сила, покажуваме морална цврстина која ќе не оспособи сите нас низ овој период да минеме со што помалку штети, но и со многу драгоцености затоа што нашите уверуваша ќе си ги зацврстиме.

Јас, на сите што вложија напор овој текст да се донесе им благодарам , мислам оти тоа е голем придонес за состојбата во др-жавата да биде подобра, а морам да ви кажам  нема да се  промени многу со донесувањето на заклучоците. Заклучоците се само еден знак оти ја разбираме ситуацијата и оти сме подготвени заедно да работиме на совладување на проблемите. Останува обврска на секого да биде комплетно свесе за сопствената одговорност и да ги вложи сите напори низ овој период кој не очекува, а кој нема да биде краток и нема да биде така погоден сепак да излеземе со што помалку штети и што повеќе цврстина во себе.

Ние ќе гласаме за овие заклучоци.

Благодарам

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Стојан Андов.

Збор побара г-динот пратеник Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Владата, да-ми и господа пратеници.

Пратеничката група на Демократската партија на албанците ја оценува ситуацијата во регионот како многу сериозна, особено по издавањето на наредбата за активирање на НАТО нападите врз цели на Косово и Србија. Република Македонија како соседна држава ја чувствува сериозноста на ситуацијата. Но, ако е сериозна ситуацијата тоа никако не значи дека е дефетистичка и во штета на Република Македонија, без оглед што некои медиуми, или политичари се обидуваат со ширење на дефетизам да ја ојакнат нивната политичка позиција и сепак рака на срце

мора да се каже дека Македонија никогаш не била безбедносно постабилна земја, политички поблиску до западните структури и информативно најпозитивно третирана земја. Земајќи ја во предвид ситуацијата на Косово каде последните месеци се убиени неколку илјади цивили, повеќето жени, деца и старци, земајќи ги во предвид околу пола милион раселени лица и секојдневните масакри врз албанци-те во Косово, а од другата страна ако се следат настаните хронолошки по распаѓањето на СФРЈ од аспект на шовинистичката политика на Милошевиќ, значи ситуацијата во Словенија, војната во Хрватска, масакрот во Босна, Косово и утре можеби ќе дојдеше на ред некој друг. Сметаме дека потезите кои се влечени од Меѓународната заедница беа единствените можни за да еднаш и засекогаш им се каже стоп на предизвикувачот на војни, предизвикувачот на нереди, фосиолот  на XV-тиот век пречката за интегрирање на Балканот во иднината, пречката за економска стабилност и подем на Република Македонија, пречката на стабилност на целиот регион. Ние гледајќи од аспект на определбата за единствена Европа со слободни граѓани, гледајќи од аспект на интегрирање кон тие што одат напред и кои ги воздигнале на завидно ниво демократијата и социјалната сигурност, ги поддржуваме сите активности на прогресивните мегународни сили. Ние очекуваме и имаме право на тоа да инсистираме дека Република Македонија пред се Владата што ја одговорно води ќе продолжи со тој од кон западниот систем на вредноста, почитување на меѓународни конвенции за хумано третирање на бегалците. Треба нешто сосема просто да се разбира дека тие не треба да се третираат према етничката припадност, туку единствено како бегалци кои бараат засолниште за голиот живот. Секој обид тие да се третираат етнички од агол на некоја си внатрешна емотивна матрица, не само што е злоупотреба на политиката, туку вулгарен цини-зам и своевидна аморалност. Треба јасно и гласно да се каже дека сегашното третирање на бегалците е долгорочна безбедносна инвестиција на Република Македонија, нејзино конечно ослободување од провинциските атавизми. Во овој контекст ние ги поддржуваме заклучоците на Собранието на Република Македонија и мерките на Владата на Република Македонија за зачувување на суверенитетот, стабилноста и сигурноста на граѓаните во Република Македонија. Сметаме дека самото присуство на НАТО силите во Македонија и цврстата определба за интегрирање во евро-институциите се гарант за сигурност на територијата на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор пратеникот Раде Каранѓелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, дами и госпо-да пратеници, во текот на подготовките еден колега од опозиција рече: сега сме сите една голема коалиција. Тоа ми се допадна и сметав дека е добро да се каже во вакви услови во опкружувањето и настаните во соседството кои се елаборирани во текот на денешнава седница. Зошто? Затоа што сите како што и претходниците колеги го спомнаа, имаме едно единство на ставовите во однос на овие заклучоци кои што ни се прочитани денеска. Пратеничката група на Демократската алтернатива во целост ги поддржува предложените заклучоци со оглед дека истите се во функција на осигурувањето на стабилноста, безбедноста во Република Македонија. Исто така, тие се во функција на обезбедување на условите за згрижување на бегалците од Косово кои заради сите овие случувања се веќе тука а, и понатаму ќе доаѓаат. Ги опфаќа и економските аспекти со одредени задолжувања до Владата, доколку може да се рече дека Собранибто може да ги задолжи, меѓутоа може да ги препорача. И конечно се создаваат условите за заокружување на правната рамка за гтрестојување на НАТО мисии во Република Македонија. Со оглед на сите тие работи, уште еднаш во име на пратеничката група на Демократската алтернатива во целост ги поддржуваме овие заклучоци  и сметаме дека е добро да се донесат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани членови на Владата, почитувани пратеници, Социјалдемократскиот сојуз на Македонија како партија е апсолутно свесна за тежината на ситуацијата во која што се наоѓаме и ние и целиот регион и за неопходната сериозност во пристапот за неопходното координирано функционирање

на сите институции на власта во Република Македонија и се разбира, што е можно поголемото единство на политичките субјекти во нашата држава. Токму затоа и се заложивме за одржување на оваа седница на Собранието, токму заради тоа и учествувавме во изготвувањето на заклучоците по информациите дадени од надлежните министри и токму заради тоа и ќе ја дадеме нашата поддршка за донесување на тие заклучоци како заклучоци на Собранието на Република Македонија. Овие денови сведоци сме на една драматична ситуација, или на драматична фаза на разврската околу косовската криза, се разбира ако тоа можеме да го наречеме разврска, а не можеби понатамошно комплицирање на целата таа криза. Сведоци сме на тоа дека се прогласи неуспешен епилог на напорите за политичко решавање на кризата, преговорите се прекинати. Вчера од страна на НАТО Алијансата беше донесена политичка одлука за воена интервенција, а по сите наја-ви кои што ги следиме од светските агенции, па и од официјални лица претставници на Пентагонот, на НАТО Алијансата,на САД се претпоста-вува дека таа воена интервенција ќе се случи токму вечерва, или можеби во овој момент додека трае оваа седница на Собранието. Од друга страна територијат ана Република Македонија се наоѓа на значајна воена формација на НАТО Алијансата. Истовремено од југословенска страна на границата се натрупува оружје, како што имавме прилика да слушнеме со цевките усмерени токму кон Република Македонија. Овие денови станува се помасовен приливот на бегалци од Косово и сето тоа земено заедно и со сето она што можеме да го предвидиме како понатамошен развој на настаните, мислам дека со право граѓаните на Република Македонија, веројатно без исклучок се загрижени, кај нив преов-ладува едно чувство на несигурност, неизвесност, една психоза на страв. Дозволете да го искажам моето убедување дека во голема мера кон соз-давањето на ваквата психоза меѓу народот, меѓу граѓаните, даде директен придонес и фактот што немаше благовремено информирање од страна на официјалните органи на Република Македонија, немаше благовремено превземање на обврската сопствените граѓани, сопствениот народ да биде информиран од сопствената Влада и министерства и покрај тоа што имаше во неколку наврати иницијативи да се закаже таква расправа ток-му во Собранието и меѓу другото секогаш таа расправа околу безбедносните прашања, присуството на НАТО, состојбата на границата и тн. се одлагаше за некоја од наредните седници за да се доведеме во ситуација да ја држиме оваа седница на Собранието во моментот кога можеби во нашето соседство веќе почнаа да паѓаат првите ракети, или бомби. Сето тоа велам создаде една психоза на неизвесност и страв кај нашите граѓани и она што мислам дека исто така едно чувство кое што преовладува, а тоа е дека се поставува прашањето дали нашата власт, дали нашата Влада, дали нашите институции навистина ја имаат ситуацијата под контрола. Бидејќи нешто што може најлошо да се случи во една држава и меѓу еден народ е во вакви критични ситуации народот да почне да ја губи довербата во сопствените институции, во институ-циите на сопствената држава. Од тие причини навистина за мене беше неразбирливо зошто по секоја цена се избегнуваше расправата кога тоа можеше благовремено да се направи и навистина за мене е неразбирливо како е можно нашите луѓе да мораат да седат ноќе и да ја следат програмата на СНН за да ги чујат туѓите проценки околу евентуалниот развој на настаните и околу иднината и судбината на Македонија, иднината и судбината на сите наши граѓани, на секое наше семејство.

Во врска со тоа, би сакал да се задржам на две прашања кои што на некој начин се опфатени во заклучоците кои што денеска се предложени од страна на координаторите на парламентарните групи и верувам дека барем по она што беше искажувано, ќе бидат прифатени од страна на Собранието на Република Македонија.

Едното прашање е немањето на правна спогодба, значи дого-ворна спогодба, немање на договор со кој ќе се регулираат престојот на НАТО силите во Република Македонија. Во своето излагање министерот за надворешни работи, меѓу другото спомена дека некаков основ за таа работа претставува СОФА договорот од 1996 година и тоа е точно, меѓутоа само делумно, бидејќи тој ја дава основата за престој на припадници, односно на воени трупи на НАТО силите во Република Македонија. Меѓутоа, исто така стои обврската, или

можноста за секоја ми-сија поодделно да се потпишува договор, односно спогодба, во која би се дефинирал бројот, структурата, мандатот, времетраењето и целите на таа мисија која би престојувала на територијата на Република Македонија. За жал и мислам дека тоа е една голема грешка на Владата на Република Македонија,таква спогодба до овој момент за престојот на овие НАТО војници во Република Македонија нема. Впрочем, меѓу другото ние бевме сведоци на тоа дека токму од претставници на НАТО Алијансата заклучно до вчерашната изјава на американскиот амбасадор господинот Хил овде во Македонија, кој што рече дека навистина треба правно да се регулира престојот на НАТО воените сили во Република Македонија. ЗначИ, без да се дефинира мандатот, целите, време-траењето, бројот на тие трупи во Република Македонија одеднаш преку скопскиот аеродром и преку македонско-грчката граница почнаа да доаѓаат конвои со најразлична опрема, меѓу другото од денеска имавме прилика да слушнеме дека нашите институции дури немаат ни увид во тоа што се се пренесува. Следна работа почнаа да се даваат контраверзни информации во јавноста дека тоа ќе бидат 2000, 3000, 5000, 8000, 10.000, за да денеска чуеме дека од страна на министерот за одбрана дека ги има 12.000 НАТО војници, од страна на министерот за надворешни работи дека ги има 10.000. Мислам дека сето тоа начинот на кој што целата таа работа беше презентирана пред јавноста создаде една атмосфера во која што најголем дел од луѓето со право почнаа да се сомневаат дали од страна на државните институции во Република Македонија се има јасен концепт, јасен увид во тоа која е целта, за колкав период овие НАТО структури треба да престојуваат и на крајот на краиштата со таквиот јасен увид да биде информирана целата македонска јавност. Меѓу другото мислам дека токму на ваквиот начин на информирање на сопствената јавност се должи и еден факт кој што очигледно веке не можеме да го негираме, а тоа е дека наспроти една широка и масовна поддршка на определбата на Република Македонија за интегрирање во НАТО Алијансата, која што беше само до пред неколку месеци и која што можеше да се забележи во сите анкети на испитување на јавното мислење, во некои од нив тоа одеше дури и до 80%, меѓутоа најниската беше спуштена на 64%. Денес по некои анкети кои што имаме прилика во јавноста да ги видиме дека тој процент на поддршка почнува во Македонија радикално да паѓа. Тоа е на штета и на стратешките определби на нашата држава за која што верувам дека има широк консензус, без разлика дали партиите се наоѓаат во пози-ција, или во опозиција, а верувам дека е тоа штета и од гледна точка на НАТО Алијансата. Оттука, заклучокот кој што се однесува на тоа дека е неопходно под итно да се воспостави правна регулатива за престојот на НАТО трупите во Македонија, мислам дека од страна на Владата треба да се земе со највисок приоритет и ургентно да се пристапи кон таа активност. Тоа во голема мера ќе го сузбие просторот за разни шпекулации во Македонија, меѓутоа исто така можеби во голема мера ќе го сузбие просторот и за шпекулации кај нашиот северен сосед. Бидејќи нашите објаснувања кои се причините и зошто НАТО овде престојува ако тоа не е пипгано во заемно прифатен правен акт, тоа се само декларации во кои што некој со право може да се сомнева.

И оттука следната работа која што исто така е вградена во еден од заклучоците за денешнава седница, а тоа е дека Собранието уште еднаш ја изразува определбата дека територијата на Македонија не може да биде искористена за напад на било која друга соседна држава, ќе добие вистинска тежина кога ќе стане дел од тој правен акт, или договор потпишан меѓу Владата на Република Македонија и НАТО Алијансата. Во спротивно тоа е само декларација која што може, мегутоа не мора да се реализира.

Втората работа која што би сакал да ја споменам, тоа е без сомнение прашањето на бегалците. Меѓу другото е вградено и во некои од заклучоците од денешнава седница, а беше споменато и кај некои од претходните дискутанти. Јас би сакал веднаш на почетокот јасно да го декларирам ставот на Социјалдемократскиот сојуз. Постојат меѓународни конвенции, Република Македонија е членка на Меѓуна-родната заедница и сосема разбирливо произлегуваат обврски кои што мораме да ги понесеме во вакви ситуации. Тоа значи дека за оние лица за кои што апсолутно верувам дека од неволја ги напуштаат своите домови, ја преминуваат границата, заради тоа што е загрозен нивниот живот,

нивната безбедност, безбедноста на нивните семејства и тн. како непосреден сосед постојат меѓународни обврски кои што ние мораме да ги респектираме, мораме да ги превземеме токму за да ја превземеме и одговорноста како членка на Меѓународната заедница. Меѓутоа, се поставува следното пршаање, дали таа определба, или обврска како непосредна соседна земја на едно кризно жариште е нелимитирана, дали е таа неограничена, дали барем со нешто таа има некаков праг. Меѓу другото ако го оставиме на страна прашањето на хуманост, или некаков етнички анимузитет бидејќи и тоа беше споменато кај еден од претходните дискутажти. Постои една работа која што мораме да ја земеме во предвид, секоја држава согласно своите просторни можности, согласно своите економски можности, согласно своите безбедносни параметри има горен праг и преку него не може да се оди, бидејќи во тој случај можеби се задоволува некаква меѓународна форма, или обврска, меѓутоа се загрозува сопствениот национален и државен интерес.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:** (Продолжение)

Оттука, не можеме апстрактни заклучоци да донесуваме дека без разлика колкав ќе биде бројот на бегалци ние ќе ја почитуваме својата обврска по меѓународните норми и дека ќе ги прифаќаме. Уште повеќе затоа што токму во излагањето на министрите, ми се чини на министерот за внатрешни работи беше спомената цифра како проценка од страна на Владата дека бројот на бегалци кои што со овие можности и капацитети кои Македонија ги има, со овие ресурси кои што можеме да ги прифатиме е број од 20 илјади. Претпоставувам дека тоа не е некаква случајна бројка, претпоставувам дека тоа надлежните министерства, Владата во целина го има направено врз некакви параметри. Сега се поставува прашањето ако развојот на настаните е таков да бројот на настаните се задржи во рамките оние кои што ние сметаме како бројка дека можеме да го издржиме како држава без посериозни нарушувања тогаш е во ред. Што ако не 20 илјади туку нови 20 илјади вечерва се појаваат на границата на Македонија? Што ако развојот на настаните на Косово биде таков да можеби почнеме да зборуваме, или да гледаме бројки од 50 или 100 илјади? Ние не можеме да кажеме за тоа прашање ќе разговараме тогаш кога ќе се случи, бидејќи тоа може да ни се случи уште вечерва или рано утре сабајле. Тоа јас не го посакувам, меѓутоа сериозна држава сериозна влада мора да има одговор и за непријатниот развој на настаните и за непријатните сценарија. И тука морам да ви кажам дека сум апсолутно скептичен во добрата волја на некој од другите соседни земји во регионот дека доброволно ќе се пријават да прифата дел од бегалците кои би биле во тој момент на територијата на Република Македонија.

Впрочем, во врска со проблемот со бегалците ние имаме едно искуство кое го носиме од времето на војната во Босна и Херцеговина. Тогаш во различни периоди некаде околу 60 до 70 илјади луѓе продефилираа низ Македонија, цела среќа не беа во еден момент сите стационирани во Македонија, меѓутоа наспроти сите декларативни заложби на европските земји, на земјите од регионот, на меѓународните организации многу беше тешко, макар и минимален број на луѓе да бидат преземени и сместени во некоја друга земја. Оттука, ова го кажувам како една сугестија дека Владата мора да има одговор на ова прашање и тоа сега пред да се случи и дај боже да не се случи меѓутоа не да го стави на маса, или ние како Собрание да го ставиме на разгледување откако тој проблем ќе ни биде во сопственото двориште.

Јас само да ви дадам неколку илустрации. Наспроти меѓународните конвенции кои што важат за Македонија, меѓутоа важат и за сите останати. Дел од луѓето кои што доаѓаат од Косово меѓу другото имаат и свои роднини, пријатели, брачни другари во некои од европските земји и сакаат да отпатуваат во посета кај нив, макар и со туристичка виза. Токму амбасадите на тие европски земји стационирани во Скопје, во Македонија не издаваат визи. Дали таа обврска да се почитуваат меѓуанродните норми и стандарди во вакви случаи и фаворизирањето на хуманиот пристап важи само за Македонија или треба да важи и за останатите земји во регионот и токму за оние кои што најмногу сакаат да ги промовираат тие меѓуанродни норми. Ова не го говорам јас од некаков етнички аспект, ова го говорам од аспект на тоа дека Македонија има лимитирани ресурси во секој поглед.

Јас не би сакал да го актуелизирам проблемот на планот коридор кој што на времето беше сериозно нападнат. Беше напаѓан од тогашната опозиција итн. Апсолутно јас не говорам дека тој план би требало да биде ставен на маса, меѓутоа сериозна држава, сериозни институции мора да имаат план. Можете тој да го отфрлите, можете делумно да го прифатите меѓутоа мора да имате свој план и тоа пред да се случат настаните. Луѓето, народот оди на избори да избере власт да размислува два чекора побрзо од настаните, а не два чекори откако ќе се случат настаните. Ова е една сугестија и до Собранието и до Владата и до владините надлежни ресори, мислам дека проблемот е пресериозен и дека не треба да се одлага, да се става "под тепих" како да не постои.

На крај би завршил со следното. И во изминатите 7-8 години ие сме имале критични ситуации. Можеби е тешко да се споредуваат тие ситуации со оваа во која што денес се наоѓаме. Без сомнение денеска се наоѓаме прилично блиску до огнот. Ризикот од некаква прелевање на судирот е прилично висок. Впрочем не случајно се закажа оваа седница, не случајно заседава Советот за безбедност, не случајно Владата расправа за тие работи, бара дополнителни гаранции итн.

Ние успеавме изминатите години да го сочуваме мирот и стабилноста. Јас верувам дека тоа ќе успееме да го направиме и сега, меѓутоа сакам да ви кажам едно мое гледање на работите.

Никогаш тоа не успеавме да го направиме заради тоа што имавме силна војска или армија. Нема доволно силна војска или армија што може да ги исправи грешките на погрешна политика. Тоа што успеавме во изминатито период да ги поминеме тие ризични ситуации, да ги избегнеме тие ризици по државата беше резултат пред се на политиката, а не резултат на некаква воена способност на државата.

Мојата сугестија е секогаш кога може од воен аспект државата да обезбеди дополнителна гаранција нека го направи тоа. Секогаш кога е неопходно да се активираат безбедносните механизми, механизмите на одбрана да го направиме тоа меѓутоа да не се потпираме само на тоа. Мораме да се потпираме и на политичката проценка и на претходно предвидување на работите. Да не доаѓаме во ситуација, како што реков пред малку да разговараме за најгорливите прашања кога всушност веќе во овој момент можеби воената интервенција е отпочната и кога веќе можеби бомби во нашето соседство паѓаат. Почитуван претседателе јас со ова завршувам. Немав никакви намери денеска уште при подготовка на седницата, сакам да ви кажам, претставниците на сите парламентарни групи беа присутни таму и кажав дека ова е најмалку тема и најмалку момент каде што треба да ги гледаме работите низ призмата на позиција опозиција и припадност на политичка партија.

Ова што го искажав како мео размислување и ставови на СДС е искажано во најдобра намера. Вие можете тоа да го прифатите, можете да го отфрлите, можете да се насмеете меѓутоа не мислам дека треба несериозно на било кој предлог кој што доаѓа и тоа со добра намера да се пристапи. Меѓутоа, на крај краишта тоа е ваша одговорност како одговорност на парламентарното мнозинство. Нашата одговорност ја ка-жавме а вашето е тоа што ќе кажете да го направиме. Тоа е една голема разлика. Јас тоа го почитувам како ваша одговорност, меѓутоа елементарна работа е да ги почитувате и другите вие.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Бранко Црвенковски. Збор побара пратеникот господин Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, Настаните на Косово очигледно попримаат се подраматични димензии со се поголем број жртви и оттука е реакцијата на меѓународната заедница конечно по сите напори да му стави крај на една воена експедиција на српскиот режим на Косово.

Со потпишувањето на Мировниот договор од Париз од страна на претставниците на косовските албанци всушност дилемите се разрешија и маските паднаа, во смисла на тоа да конечно Меѓународната заедница свати кој е за мир а кој е за војна, кој е за дијалог а кој за насилство. Всушност косовските албанци со потпишувањето на овој договор покажаа на дело дека се спремни на компромис. Дека се определуваат за дијалог за нив. За жал од другата страна не произлезе соодветен

одговор и став по однос на овие определби. Напротив спрската страна продолжи понатаму тврдоглаво да ги бојкотира сите напрои на меѓуна-родната заедница и да ги убеди конечно да стават параф на она што беше оценето како најдобар можен компромис за изнаоѓање на политчко решение за косовската криза. Со ова всушнсот српската страна се определи за војна а против мирот. Се определи за насилство против дијалогот. Очекувана е реакцијата конечно на НАТО и на Меѓународната заедница зошто тоа е нивна должност кога се доведува во прашање мирот и стабилноста во светот да преземат соодветни мерки за зачувување на стабилноста и мирот и тоа е случајот со одлуакта на НАТО визави косовското прашање.

За жал и покрај тоа што Пратеничката група на ПДП одамна сигнализираше дека Собранието на РМ и воопшто Република Македонија не смее да ги гледа со скрстени раце настаните на Косово не наидувавме на правилно сваќање на нашите намери и оттука со доста процедурални и противделовнички махинации беа отфрлени нашите иницијативи. Конечно Република Македонија и званично Собранието како претставнички дом да се определи односно да го одреди евојот став по однос на косовската криза зошто не е само заради тоа, што таму се случува, туку заради неспорниот факт дека Македонија се граничи со Србија и со Косово и како таква ако не заради други причини заради обезбедување на мирот и стабилноста во рамките на нејзините граници.

За жал до денешната седница можеби и како резултат на недефинирање единствена политика на органите на Република Македонија не ретки беа случаите кога одделни званичници на Македонија и на власта да излегуваат со различни ставови, не ретко не синхронизирани, дури и со мешање во внатрешните работи на други земји и предизвикување на соодветни реакции од другата страна.

Бевме сведоци и на денешната расправа од страна на министерсг за надворешни работи да слушаме изјави како било интерес на Република Македонија прашањето на Косово да се заокружи во рамките на границите на Србија како една поширока автономија.

Јас ќе ве потсетам дека токму таквите настапи и давање рецепти за начинот на разрешување на косовската криза значат токму мешање во внатрешните работи на други земји. Не е должност на Република Македонија да го определува статусот политички, политичката статусна иднина на една друга територија. Во најмала рака тоа значи определуваше за ставот на српскиот режим кој исто така на ваков начин ја гледа иднината на Косово.

Во најмала рака Македонија треба да ја зачува својата неутралност по однос на косовското решение и да се определи за став кој ќе значи прифаќање на било какво решение за кое ќе се најде кон-сензус и согласност помеѓу двете страни, во конкретниот случај албанците и србите. За жал, тоа ни се повторува и до ден денес.

Не можам а да не го истакнам и нашиот став и загриженост по однос на тенденциите да се затворат границите на Република Македонија и покрај изнесените ставови дека сепак и прифаќањето на бегалците иако е обврска меѓународна на Република Македонија треба сепак да се одвива во димензии и можности за кои одговараат состојбите во Република Македонија. И тоа е точно, меѓутоа исто така е обврска на Република Македонија да го дефинира нивниот статус како бегалци и тогаш да бараме од другите нивно прифаќање и согласно меѓународните конвенции да се испочитува желбата на тие бегалци каде бараат засолниште.

Оттука, не случајно денес одговорот на нивните претставници во Скопје дека не ги прифаќаат истите луѓе затоа што тие немаат статус на бегалци во Република Македонија. Тука е одговорот на нивнио пасивен односно негативен однос кон давање можност за нивно иселување во тие земји.

Почитувани дами и господо на крајот морам да го изнесам ставот што го изнесов и при расправата на координаторите на пратеничкит груии дека и покрја чувството на одговорност за моментот во кој се наоѓаме пратеничката група изразува воздржаност по однос на точката 4 на Предлог-заклучоците.

И, да ве потсетам дека Република Македонија не по секоја цена треба да го

затвори својот простор за НАТО силите кон состојбите во Косово. Всушност доколку дојде до таква ескалација на состојбите на Косово обврска е на Меѓународната заедница и на Република Македонија соодветно да се настројува и активно да придонесува кон спречување на ескалацијата на состојбите во регионот.

Оттука ние сметаме дека точката 4 не е потребна и не може да ја добие поддршката на пратеничката група.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник насер Зибери.

Има збор господинот Чедо Краљевски.

**ЧЕДО КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господо, Иако беше договорено да настапиме единствено и координирано кон предложените заклучоци на Собранието, претседателот на СДСМ и координаторот на ПДП отастапија од договорот и во вака значајни мигови за државата се обидоа во полза на СДСМ односно ПДП да направат политичк: маркетинг наспроти целата сериозност на состојбите а повикувајќи се во името на сериозноста. Но и покрај се да им веруваме на добронамерноста. Јас сепак ќе се држам за постигнатиот договор.

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ согледувајќи ја настанатата безбедносна состојба во Републиката а во контекст со конфликтната состојба кај северниот сосед односно на Косово ја прифаќа информацијата што пред Парламентот денес ја дадоа министрите за одбрана, внатрешни работи, надворешни работи и ја поддржува Владата на Република Македонија во нејзините напори за изнаоѓање на мирно решение на кризата како и настојувањата за обезбедување на мир, стабилност и безбедност на државата. Во таа смисла Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ како една од подносителите на предложените заклучоци оценува дека овие заклучоци се во функција на зголемување на стабилноста и безбедноста на државата и истите од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ се прифаќаат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот пратеник Чедо Краљевски.

Со ова листата на пријавени кандидати се исцрпи.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по предложените заклучоци.

Молам, кој е за предложените заклучоци да крене рака?

110 пратеници гласаа за предложените заклучоци.

Дали има некој против?

Дали е некој воздржан?

Нема.

Според тоа можам да констатирам дека едногласно со 110 гласови за се прифатени предложените заклучоци и тие се усвоени.

Почитувани пратеници бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам Шеснаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Продолжението на Четиринаесеттата седница на Собранието дополнително ќе ви биде закажано.

(Седницата заврши со работа во 19,30 часот).